INTERACTION
Fostering EU Heritage

# Билтен 3

септември, 2025 г.

Проект бр.: 2023-1-MK01-KA220-VET-000154804



Како што завршува нашиот проект, одвојуваме момент да размислиме за нашето инспиративно патување исполнето со креативност, соработка и посветеност кон одржливост.

Во текот на изминатите години, партнерите од Северна Македонија, Грција, Кипар, Литванија и Полска работеа сложно за да истражат како уметноста може да биде моќен двигател на еколошката одговорност и ангажманот на заедницата.

## Заедно,

создадовме алатки, ресурси и искуства

кои **во иднина ќе бидат инспирација** за

уметници и професионални креативци,

**долго по завршувањето на проектот.**



## Најважни моменти & достигнувања

Од нашиот краток филм што ги доловува гласовите на уметниците за одржливоста, до асинхрониот семинар што нуди флексибилно, длабинско учење, ИНТЕРАКЦИЈА даде влијателни резултати:

- 6 модули за учење за одржливи уметнички практики
- 1 краток документарен филм за претставување на проектот, партнерите и уметничките ателјеа
- Прирачник за претприемништво со насоки за уметниците за дизајнирање одржливи креативни проекти
- Е-платформа која ги прикажува уметничките компетенции и проекти
- Уметнички ателјеа во Грција, Кипар, Литванија и Северна Македонија, каде што креативноста и одржливоста се сретнаа

Како што го затвораме ова поглавје, ве покануваме повторно да ја разгледате нашата работа и да ја споделите со вашите мрежи:

### Погледнете го нашиот краток филм
Моќта на одржливата уметност – Приказна на ИНТЕРАКЦИЈА

### Приклучете се на бесплатниот семинар
*Одржлива* уметност во акција – учете со сопствено темпо

### Истражете ја нашата е-платформа
полна со ресурси

### Преземете ги Клучните компетенции
за да ги разгледате компетенциите потребни за да дизајнирате сопствени одржливи уметнички проекти

# Продолжуваме со движењето

Одржливоста во уметноста не е тренд - тоа е движење. Продолжете да учите, да споделувате и да практикувате еколошка креативност. Ресурсите развиени за време на ИНТЕРАКЦИЈА се бесплатни и отворени за сите. Посетете ја нашата веб страница, следете ги нашите канали (Фејсбук. Инстаграм. Јутјуб) и бидете дел во оформувањето на позелена културна иднина.

## **Тимот на ИНТЕРАКЦИЈА би сакал да се заблагодари** секому кој го поддржа нашето патување.

Од првата идеја до нашите конечни креации, овој проект беше заедничка авантура исполнета со голема желба, учење и соработка.
Преку нашите состаноци, дискусии и креативни моменти заедно, изградивме не само алатки и работилници - туку и цврста поврзаност меѓу земјите, дисциплините и визиите.

**Ви благодариме што бевте дел од приказната на ИНТЕРАКЦИЈА.**
Патувањето не завршува тука - да продолжиме да создаваме поодржлив, поврзан свет.











# Уметноста

## има моќ

**да инспирира, обединува и трансформира.**

*Да ја продолжиме визијата на ИНТЕРАКЦИЈА,*

**каде креативноста се соединува**

**со одговорноста,**

**да создадеме посветла, позелена иднина**

заедно.

Скенирајте

interaction-project.eu

Културно наследство

Одржлива иднина

## Партнери

ДСУ - РЦ СОО „Никола Карев“ Струмица

Liofyllo

omnia
research | sustainability | innovations

consulting

MOKYKLA MARIJAMPOLĖS MENO

CENTRUM KULTURY I SZTUKI W ŁĄCE

Ко-финансирано од Европска Унија

Финансирано од Европската Унија. Сепак, изразените ставови и мислења се само ставови на авторот/авторите и не ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не може да бидат одговорни за истите.